РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 11-678/13
20.10 2026 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општина ДЕМИР ХИСАР

Бр. УП 1 11-678/13 од 20 .10 2026 год.

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25 ,134/26, 212/26) , член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), а во врска со Мислењето бр. 11-678/12 од 16.10.2026год., од Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр.08-1141/1 од 17.11.2025 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесува:

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д 4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

1.**СЕ ОДОБРУВА** УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР , со техн.бр 10-06/26 од септември 2026 година, изработен од ЧИП Гроуп Скопје, за нарачател Општина Демир Хисар.

2.Ова решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Општина Демир Хисар со адреса на ул,,Битолска" бр.8 Демир Хисар, согласно склучен дозговор за јавна набавка за избор на изработувач на урбанистичка документација со ЧИП Гроуп Скопје, поднесе Барање под број 09-229/1 од 21.08.2026 година за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР, во информацискиот систем е-урбанизам во постапка бр: 82692 со арх. бр. 11-678/5 од 21.08.2026 год.

Во прилог на барањето е доставена следната документација:

- Барање за одобрување на урбанистички проект бр:09-229/1 од 21.08.2026 година
- Договор за јавна набавка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Д4-3 озеленети простори за гробишта бр. 05-403/6 од 26.05.2026 година со „ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје

- **Известување** од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-2179/2 од 23.06.2026 **за користење на Условите за планирање на просторот** за изработка на Генерален урбанистички план за Демир Хисар со тех. бр. 39414 издаени од Агенцијата за планирање на просторот на РСМ, за кои е издадено Решение за услови за планирање бр. 15-10423/4 од 21.11.2014 година,
- **Имотен лист** бр. 109 Ко Демир Хисар вонград, од 17.07.2026 год.,
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога** со висинска претстава КО Демир Хисар- вонград и КО Демир Хисар со дел.бр 0805-166 од 12.08.2026 година изработен од страна на Трговско друштво за геодетски работи Геодетски премер Кавадарци,
- **Известување за електронска заверка на геодетски елаборат** со број 1110-5/2026 од 12.08.2026 година,
- **Податоци и информации мислења** од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности , постапка ПИМ 81806 и 81987:

  - НОМАГАС АД Скопје бр. 08-3855/2 од 14.07.2026 год.
  - УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО со број 17-2506/2 од 24.07.2026 година,
  - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со број 10-55/7-419 од 10.07.2026 година
  - ЈКП Комуналец Демир Хисар бр. 0302-222/2 од 28.07.2026 год.
  - Телеком со број 81806 од 13.07.2026 година
  - МЕПСО со број 11-4259/1 од 15.07.2026 година
  - Водостопанство на РСМ бр. 11-2939/2 од 16.07.2026год.
  - ДЗС Подрачно одделение Демир Хисар со број 09-154/2 од 22.07.2026 година
  - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост бр. 40-7200/4 од 13.08.20026 год. (ПИМ 81987)

- **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА** ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА – КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОН ГРАД ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР со тех.бр.10-06/26 од јули 2026 година, одобрена со **Решение** за одобрување издадено од Општина Демир Хисар бр.11-678/4 од 28.07.2026 година.
- **Потврда за финална тополошка контрола** од 21.08.2026 година, издадена од АКН на РСМ,

При спроведувањето на законски предвидената постапка, согласно член 47 став 6 , донесувачот на планот на сите органи кои одговориле на барањето за податоци и информации, им ја испрати работната верзија на планската документација, пред таа да се прати на стручна ревизија, со барање за мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности.
Доставени се позитивни мислења од следните институции:

- Агенција за цивилно воздухопловство со број 09-8/540 од 21.08.2026 година
- Електродистрибуција со број 10-55/7-485 од 21.08.2026 година
- Телеком со број 82692 од 21.08.2026 година
- АКН- известување за недостатоци бр. 0932-1775/2 од 01.09.2026 год.
- МЕПСО бр. 10-5156/1 од 01.09.2026 год.,
- ДЗС Подрачно одделение Демир Хисар со број 09-167/3 од 09.09.2026 година

- Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство бр. 17-2506/4 од 10.09.2026 год.

- **Потврда за финална тополошка контрола од 02.09.2026 година**, издадена од АКН на РСМ
  - Мислење од утврдена состоја бр. 0932-1952/2 од 25.09.2026 год. издадено од АКН на РСМ
  - МЕПСО 11-5625/1 од 29.09.2026 год.,
  - Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство бр. 17-2506/6 од 05.10.2026 год.
- **Ревидиран** УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР, со техн.бр 10-06/26 од септември 2026 година, изработен од **ЧИП Гроуп Скопје**, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови со број 0095 издадена од Министерство за транспорт и врски на 15.02.2024 година, со важност на неопределено време и планери потписници **, Силвана Вановска**, дипл.инж.арх., (овластување број 0.0065 со важност на неопределено време) и **Емилија Спировска**, дип.инж.арх, (овластување број 0.0381 со важност на неопределено време).
- **СТРУЧНА РЕВИЗИЈА** НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА – ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР (од 09.2026 год.) со тех.бр.132/10/26 од октомври 2026 година извршена од страна на **ТАЈФА- ПЛАН ДОО** Скопје, правно лице кое поседува Лиценца за изработување на урбанистички планови бр: 0.018 издадена на 24.03.2026 год од страна на Министерство за транспорт, со важност на неопределено време и Потврда за исполнување условот за вршење ревизија на урбанистички планови бр. 31 уп1 144 од 01.04.2026 година со важност на неопределено време, и ревиденти: **Наташа Влчевска Савиќ**, д.и.а. (потврда за исполнување услов за вршење ревизија на урбанистички планови бр, 0.0064 со важност на неопределено време), **Гордана Караѓуле Ристеска**, д.и.а., (потврда за исполнување услов за вршење ревизија на урбанистички планови бр, 0.0444 со важност на неопределено време) и **Јане Стојаноски**, д.и.а (потврда за исполнување услов за вршење ревизија на урбанистички планови бр, 0.0426 со важност на неопределено време)

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

Изработил: Клара Тодоровска д.и.а

KLARA TODOROVSKA
Digitally signed by KLARA TODOROVSKA
Date: 2026.10.19 10:04:14 +02'00'

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Градоначалник

Никола Најдовски

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2026-10-20 11:12:24

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина ДЕМИР ХИСАР
УП1 11-678 / 15 од 11 . 11 . 2026год.

Врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15), Одделението за урбанизам, зжс и комунални дејности постапувајќи по службена должност по основ РЕШЕНИЕ со број УП 1 бр.11-678/13 од 20.10.2026 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за исправка на техничка грешка

СЕ ВРШИ ИСПРАВКА на техничка грешка на РЕШЕНИЕ за одобрување на: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д 4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР со број УП 1 бр.11-678/13 од 20.10.2026 година, при што исправката се однесува на следното:

Во диспозитивот на Решението:

- Во точка бр.1, СЕ ОДОБРУВА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР , со техн.бр 10-06/26 од септември 2026 година, изработен од ЧИП Гроуп Скопје, за нарачател Општина Демир Хисар, **зборот септември се заменува со зборот октомври ,**
- Во „Ревидиран УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР, со техн.бр 10-06/26 од септември 2026 година, изработен од ЧИП Гроуп Скопје, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови со број 0095 издадена од Министерство за транспорт и врски на 15.02.2024 година, со важност на неопределено време и планери потписници , Силвана Вановска, дипл.инж.арх., (овластување број 0.0065 со важност на неопределено време) и Емилија Спировска, дип.инж.арх, (овластување број 0.0381 со важност на неопределено време)", **зборот септември се заменува со зборот октомври.**

1. Исправката произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство актот кој се исправа.

2. Ова решение е составен дел на актот за кое се прави исправка, а забелешката ќе се запише во сите оригинални примероци и заверени преписи од истото.

О б р а з л о ж е н и е

После издавањето на РЕШЕНИЕ за одобрување на: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д 4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОНГРАД, ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР со број УП 1 бр.11-678/13 од 20.10.2026 година, надлежниот орган Општина Демир Хисар, постапувајќи по Известување по констатирани недостатоци од АКН со бр. 0932-1952/4 од 09.11.2026 година и известување од планерот ЧИП гроуп ДООЕЛ Скопје бр. 03-302/1 од 10.11.2026 година, утврди техничка грешка во Решението за одобрување на урбанистичкиот проект, кое се однесува на месецот на изработка на Урбанистичкиот проект, поради што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Незадоволната страна има право на посебна жалба до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Општина Демир Хисар
Градоначалник,
Никола Најдовски